РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 12.07.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 2180/3 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**До: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Архивски број:12/6-2271/ 2**
**Датум: 10-07.2019**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ
На

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Општина Крива Паланка**, со архивски број 01-2180/1 од 08.07.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Крива Паланка, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка, со архивски број 01-2180/1 од 08.07.2019 година.

Со почит,

Заменик министер,
Александар Бајдевски

*Изготвил: м-р Медина Хоџа*


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Бр. 01-2180/1
08.07 19

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

2019

Крива Паланка

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-543/1 од 23.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1205/1 од 08.06.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-937/1 од 26.03.2018 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1202/1 од 20.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2000/1 од 04.07.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-3464/1 од 06.11.2018 година.

**Член 2**

Во глава II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, по членот 11 се додаваат два нови член 11а и 11 б кои гласат:

**„Член 11-а**

Посебни услови утврдени во Законот за инспекциски надзор, за раководниот инспектор од категорија Б, ниво Б4 се:

а) стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство, и тоа за:

- најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една година на работното место од нивото В1;

в) општи работни компетенции за сите нивоа, согласно со Рамката на општи работни компетенции;

г) посебни работни компетенции за сите нивоа, да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 11-б**

Посебни услови утврдени во Законот за инспекциски надзор, за инспектор од категоријата В, ниво В1 се:

а) стручни квалификации - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство, и тоа за:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2,

в) општи работни компетенции за сите нивоа, согласно со Рамката на општи работни компетенции;
г) посебни работни компетенции за сите нивоа, да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење. ".

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место со реден број „12" назив на работно место „ КВ дактило работник " се брише.

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, во работното место со реден број „22" назив на работно место „Самостоен Референт за финансиско работење ", делот Вид на образование се менува и гласи: „ Вишо или средно економско образование".

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, работното место со реден број „32" назив на работно место „Референт за култура, угостителство, туризам, занаетчиство и НВО" се брише.

**Член 6**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, работното место со реден број „33" назив на работно место „Помлад референт за туризам, соработка со невладини организации и култура" се брише.

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број „53" назив на работно место „ Виш инспектор - Раководител на одделение за инспекциски надзор ", делот Други посебни услови се брише.

**Член 8**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, во точка 3. одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број „54" назив на работно место - Советник инспектор - Овластен градежен инспектор, делот „Други посебни услови" се брише.

**Член 9**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, работното место со реден број 55 назив на работното место „Советник инспектор - Комунален инспектор и инспектор за домување“, се менува и гласи:

| 3. Одделение за за инспекциски надзор | |
|---|---|
| **Реден број** | 55 |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Општински комунален инспектор** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Виш инспектор - Раководителот на одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | Високо образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите во областа на комуналните дејности |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и комунални дејности;<br>- врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на комуналните дејности;<br>- врши увид на терен, изготвува записници за констатираните состојби и изрекува со закон пропишани мерки;<br>- води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>- поднесува жалби и дава одговори на жалби во второстепена постапка;<br>- поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- врши обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br>- изготвува анализи, информации и други материјали; |

**Член 10**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, по работното место со реден број 55 „Општински комунален инспектор “, се додава ново работното место со реден број 56 со назив на работно место „ Овластен инспектор за животна средина “ кое гласи:

| 3. Одделение за за инспекциски надзор | |
|---|---|
| **Реден број** | 56 |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за животна средина** |

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Виш инспектор -Раководителот на одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | стручни квалификации за сите нивоа - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на природно-математичките науки (биологија, физика, геофизика, географија, геологија, минерологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (архитектура, урбанизам и планирање, електротехника, електромашинство, енергетика, геодезија, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), медицинските науки (фундаментални медицински науки и медицинска технологија), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, ветеринарна медицина, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија) и општествени науки (безбедност) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите за заштита на животната средина, управувањето со отпадот, квалитетот на амбиентниот воздух, водата, бучава и други поврзани порписи |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата на животната средина, управувањето со отпадот, квалитетот на амбиентниот воздух, водата, бучава и други прописи кои се однесуваат и се поврзани со заштита на животната средина;<br>- врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на Општината согласно со заштита на животната средина, управувањето со отпадот, квалитетот на амбиентниот воздух, водата, бучава и други поврзани порписи<br>- врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;<br>- води управна постапка во прв степен, донесува решенија и изрекува со закон пропишани мерки;<br>- поднесува и одговара на жалби во второстепена постапка;<br>- поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- ги известува надлежните органи на државната управа за повреди на прописите што се од негова надлежност;<br>- врши обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br>- врши прием на странки, изготвува анализи, информации и други материјали. |

**Член 11**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор по работното место со реден број 56„Овластен инспектор за животна средина ", се додава ново работното место со реден број 56-а " кое гласи:

| 3. Одделение за за инспекциски надзор | |
|---|---|
| **Реден број** | 56-а |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за домување** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Виш инспектор -Раководителот на одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | Правни науки, Градежништво и водостопанство или Архитектура, урбанизам и планирање |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите за домување |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и законот за домување,<br>- врши инспекциски надзор над станбени, станбено-деловни и деловно-станбените згради дали управувањето со истите се врши согласно со одредбите со закон и прописите донесени врз основа на закон, дали се почитуваат пропишаните норми и стандардите за домување, дали управителот продолжува да ги исполнува условите врз основа на кои му е издадена лиценцата и дали се уредени закупничките односи согласно со овој закон.<br>- врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;<br>- води управна постапка во прв степен, донесува решенија и изрекува со закон пропишани мерки;<br>- поднесува и одговара на жалби во второстепена постапка;<br>- согласно на закон поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br>- ги известува надлежните органи на државната управа за повреди на прописите што се од негова надлежност;<br>- врши обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br>- врши прием на странки, изготвува анализи, информации и други материјали. |

**Член 12**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 5. одделение за внатрешна ревизија, по работното место со реден број 60, назив на работно место - „ Раководител на одделение за внатрешна ревизија ", се додава ново работното место со реден број 61 кое гласи:

| **5. Одделение за внатрешна ревизија** | |
|---|---|
| Реден број | 61 |
| Шифра | УПР 01 01 В03 000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | **Соработник внатрешен ревизор** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководител на одделението |
| Вид на образование | Економски науки, Правни науки |
| Други посебни услови | - две години работно искуство во внатрешната или надворешната ревизија |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведување на ревизијата согласно законот за јавна внатрешна финансиска контрола и соодветните надлежности |
| Работни задачи и обврски | - ја спроведува програмата за ревизија,<br>- врши ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност)<br>- го информира раководителот на субјектот во кој се врши ревизија за почетокот на ревизијата и го презентира писмото за овластување, ги проучува документите и состојбите неопходни за формирање на објективно мислење;<br>- ги образложува наодите објективно и вистинито во писмена форма и ги поткрепува со докази, го информира раководителот на секторот ако во текот на ревизијата се појави сомнеж за нерегуларност или измама или корупција, кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;<br>- изготвува нацрт ревизорски извештај кој го разгледува и усогласува со одговорните лица во ревидираниот субјект, ги доставува нацртот и конечниот извештај до раководителот;<br>- го известува веднаш раководителот на одделението во случај на конфликт на интереси во врска со ревизијата, ги враќа оригиналните документи кога ќе заврши ревизијата, а доколку постои сомнеж кој може да доведе до кривична, прекршочна или дисциплинска постапка, ги доставува документите до раководителот на субјектот со потврда за нивниот прием, со цел тој да ги преземе потребните мерки;<br>- чува било каква државна, службена или деловна тајна која ќе ја открие при спроведување на ревизијата, ги чува сите работни документи во досието за внатрешна ревизија,<br>- го следи спроведувањето на преземените мерки од раководителите на ревидираните организациони единици врз основа на препораките од ревизорските извештаи |

**Член 13**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Крива Паланка, како составен дел на Правилникот.

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-2180/1
08.07.2019 година
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначаник**
**Борјанчо Мицевски**